**ЗАКЛУЧОЦИ**
**усвоени на**
**4-тиот состанок**
**на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**
**одржан на 24.10.2013**

***Ел Масри против РМ***

1. Да се разгледа правната и фактичка можност од вклучување на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот при Собранието на РМ како орган кој би превземал мерки во насока на утврдување на моралната одговорност на сите инволвирани од аспект на критика на етичките принципи на засегнатите органи во предметот (ОЈО, МВР и др) и превземање одговорност поради повреда на принципи од кодекси и стандарди кои ЕСЧП ги прифаќа како свои.

2. Да се оствари средба со членовите на Анкетната комија и претсавници на меѓуресорската комисија доколку е тоа потребно, во насока на дефинирање на нејзиниот ангажман.

3. МВР да изготви план за обука на своите припадници на теми опфатени со дописот од 21.10.2013 година, и за тоа да ја информира меѓуресорската комисја до наредниот состанок.

4. На следниот состанок на меѓуресорската комисија уште еднаш да се разгледа можноста за јавно извинување до апликантот од страна на државата, односно да се информира Владата за сите околности околу извршувањето на пресудата пред Комитетот на министри.

***Атанасовиќ и други против РМ***

1. Одделот за судење во разумен рок на Врховниот суд на РМ да изготви статистика во рок од 15 дена за поведени барања пред ВСРМ за судење во разумен рок (граѓански и кривични постапки) за периодот од 2010 година до денес.

2. Секторот за правосудство и Секторот за надзор на работата на извршителите и нотарите да му достави на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП статистика за времетраење на сите видови постапки пред домашните судови за периодот од 2010 година до денес во рок од 15 дена.

***Бочварска против РМ***

1. Предметот да се разгледа на наредната седница на Меѓуресорската Комисија.

***Арсовски против РМ***

1. Да се побара информација од надлежниот домашен суд за тоа дали е поведено барање за повторување на постапката од страна на апликантите и доколку има такво барање да се информира меѓуресорската комисија во која фаза се наоѓа постапката.

***Балажоски против РМ***

*1.* Да се побара информција од Врховниот суд на РМ за тоа дали е поведено барање за повторување на постапката пред тој суд врз основа на пресудата од Судот во Стразбур и доколку има такво барање да се информира до која фаза се наоѓа постапката по истото.

В.Д. Директор на Бирото за
застапување на РМ пред ЕСЧП – Владин агент
м-р Костадин Богданов

Министер за правда,
Blerim Bexheti